**УНИВЕРЗИТЕТ "СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ"**
**ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА**
**Бр.02-3839/10**
21.11. **2005 год.**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 75, 132 и 133 од Законот за високото образование ("Службен весник на РМ" бр.64/2000 и бр. 49/2003), член 7 до 17 од Законот за работни односи со кој се регулираат условите и начинот на засновање на работен однос и согласно Единствените критериуми за избор во наставно-научни, наставни, наставно-стручни и соработнички звања, усвоени од Интеруниверзитетската конференција на Република Македонија (Универзитетски гласник бр. 25/2002), Наставно-научниот совет на VI-та седница, одржана на 17. 11. 2005 година, **д о н е с е**

# О Д Л У К А

## за избор во наставно-научно звање и засновање на работен однос на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје

**I**

**Д-р МИХАИЛ ПЕТКОВ**, се избира во наставно-научно звање **редовен професор** по предметот **винарство** на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, (Билтен бр.881, стр.81 од 14. 10. 2005 година), по Конкурсот објавен на 15.6.2005 година, во весникот "Дневник".

Именованиот заснова работен однос и остварува права и обврски од работен однос на Факултетот за земјоделски науки и храна, согласно Законот за високото образование, Законот за работни односи и колективниот договор, за времето на кое е избран.

**II**

Факултетот и избраниот кандидат склучуваат Договор за работа, со кој ги уредуваат меѓусебните права и обврски од работниот однос, а деканот на Факултетот ќе донесе решение за распоредување на работно место и за утврдување на плата и надоместоци од плата.

**III**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 18.11.2005 година.

Одлуката да се достави до именованиот, сметководството, благајната, персоналното досие, архивата и документацијата на Факултетот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука, незадоволната страна има право на приговор до Наставно-научниот совет, во рок од 8 дена од денот на доставувањето

**Д Е К А Н,**

**КП/ИМ**

**Проф.д-р Ордан Чукалиев**